Дали дигитализацијата помага во развојот на општествата? Дали нуди повеќе можности отколку закани? Можат ли неразвиените земји да ги поминат развиените со помош на дигитализацијата? Дали интернет поврзаноста треба да прерасне во човеково право? Ова беа дел од темите на работилницата „Каков вид на управување и лидерство за мрежите се потребни во време на предизвици“ што се одржа на 1 и 2 јуни 2017 година во Брисел, Белгија.

Покрај дигитализацијата, во фокусот беа и мрежите. МЦМС е во почетен стадиум на разработка на мрежа за развојна помош, а искуствата кои беа споделени на работилницата ќе бидат од голема помош. Споделени беа студии на случај од Латвија , Словенија , Канада и Финска . Мрежите се соочиле се различни предизвици: отсуство на финансиски средства, промени на власт и укинување на државна поддршка, негативен имиџ на граѓанското општество, предизвици од бегалскиот бран итн. Сепак, тие успеале преку добро управување и лидерство да обезбедат одржливост и поголема кредибилност. Овој дел го организираше Меѓународниот форум на национални платформи на граѓански организации во соработка со Конкорд .

IFP
FIP
International Forum of National
NGO Platforms

[illegible]